**Табеларен приказ на родово разделени податоци од ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ДЕЛЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

| **Кампања** | **Активност** | **Цел** | **Учесници** | | **Анализа** | **Буџет** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **ж** | **м** | | | |
| **Еднодневна кампања за одбележување на Денот на жената - 8 Март** | **Одбележување на Денот на жената - 8 Март** | Поттикнување на жените за одговорно учество во сообраќајоти нивна самозаштита | **100%** | **0%** | Жените се рамноправни учесници во сообраќајот на патиштата и како пешаци и како возачи. Повеќе истражувања укажуваат дека тие имаат одлични компетенции за управување со моторно возило, дека возат внимателно, паркираат совесно и ги почитуваат сообраќајните правила и прописи, а се истакнуваат и со способноста за планирање на патувањата земајќи предвид бројни околности што можат да влијаат врз безбедното возење.<br>Според податоците од статистиката, жените возат одговорно и ги почитуваат сообраќајните правила и прописи, па оттаму не зачудува податокот дека тие поретко предизвикуваат сообраќајни незгоди. Интересно е и тоа што жените-возачи поретко практикуваат брзо возење, нагло забрзување или возење под дејство на алкохол. Сепак и покрај ова, статистиката покажува дека значително е поголема веројатноста жените да | Донација од цвеќерница „Нарцис“ и флаери од РСБСП | Еднодневна кампања реализирана на 8 март 2024 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | бидат повредени во сообраќајни незгоди.<br>Согласно анализираните податоци за СН за 2024 година, според полот на возачите како учесници во сообраќајните незгоди можеме да забележиме дека во 14% од вкупниот број сообраќајни незгоди учествувале жени, а во 86% од незгодите учествувале мажи. Со повреди (тешка и лесна телесна повреда) се здобиле 42% од вкупниот број учесници во СН од кои 18% биле жени, а 82% мажи. Од жените возачи со телесни повреди (тешки и лесни) се здобиле 71% од вкупниот број жени возачи, а од сопатничките кои се здобиле со повреди 13% се жени.<br>Според бројот на повредени лица во СН во незгодите каде возачот била жена се повредени 25%, а во СН каде возачот бил маж се повредени 75% од вкупниот број повредени лица со тешки и лесни телесни повреди.<br>Во СН каде учествувале жени причина за настанување на СН се: недржење на страна и правец при движење – 5, потоа непочитување на правото на првенство на минување – 1 и не држење на соодветно растојание помеѓу возилата – 1.<br>Од погоренаведените податоци за СН може да види дека поголемиот број | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | патувања на подрачјето на општина Делчево се извршуваат од страна на мажи возачи, иако врз основа на податоците за издадени возачки дозволи за прв пат по категории се забележува тренд на зголемување на бројот на жени кои се здобиле со правото за управување на моторно возило од категоријата Б (во 2020 жени -58%/мажи – 42%; во 2024 жени -52%/мажи 48%). Исто така од добиените податоци од МВР се забележува интерес од страна на жените за добивање на возачка дозвола за управување и со категориите АМ и ЦЕ. | | |
| **Кампања „Патуваме безбедно“** | **Самоиницијативни превентивни бесплатни технички прегледи пред патување** | Унапредување на ставовите на учесниците во сообраќајот распределени по групи на учесници во сообраќајот | **44%** | **56%** | Активноста за овозможување на самоиницијативни превентивни бесплатни технички прегледи на возилата пред патувања е дел и од активностите предвидени во третиот столб: Побезбедно возило од Акцискиот план на Стратегијата за безбедност на патиштата во Општина Делчево 2023-2027 преку која се истакнува важноста за управување на технички исправно моторно возило, но и превентивно се делува преку создавање навика за проверка на возилото пред подолги патувања. Оваа активност во рамки на оваа кампања се спроведуваше во месеците јули и август во двете станици за технички | / | Јули –Август 2024 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | преглед на возила во Делчево.<br>Сепак може да се заклучи дека интересот за ваков тип проверки на возилата е доста слаб и дека граѓаните немаат навика да вршат дополнителни проверки на исправноста на возилата во станиците за технички преглед на возила. | | |
| | **Сообраќајно едукативно предавање „Здружение на пензионери“** | | **15%** | **85%** | Целта на ова предавање беше да се потсетат повозрасните граѓани за важноста од одговорното учество во сообраќајот како пешаци и возачи, ризиците од непочитувањето на правилата и прописите, но и на последиците од неодговорното учество во сообраќајот преку презентирање на податоци за случени сообраќајни незгоди. Посебен акцент беше ставен на употребата на сигурносните појаси во возилото од страна на возачите, совозачите и сопатниците, ограничувањата на брзината во населените места, ризикот од употребата на алкохол и управувањето со возило, прописното паркирање, употреба и користење на јавниот број 112 во итни ситуации, учеството во сообраќајот како пешаци и нивна самозаштита.<br>Согласно анализата на сообраќајни незгоди за 2023 година за подрачјето на Општина Делчево лицата во старосната категорија 65+ припаѓаат во | Флаери РСБСП, ОСБСП Делчево (презентација) и ресурси на Општина Делчево (возило, лап топ, проектор) | Август 2024 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ранливата категорија на учесници во сообраќајот каде 2 лица од оваа старосна категорија го имаат изгубено животот, а 3 лица се здобиле со тешки телесни повреди. Согласно старосната структура на возачите кои учествувале во СН 10% припаѓаат на групата 65+, а 14% припаѓаат на групата 55-64 години. Согласно анализата на податоците за СН од 2024г. може да се забележи дека од вкупниот број учесници во СН – 19% се лица над 65 г., а од вкупниот број возачи - 23% се лица над 65 години. | | |
| | **Прибирање индикатори на употребата на сигурносен појас во возилата** | | **23%** | **77%** | Во текот на месеците јуни, јули и август се вршеше прибирање на индикатори преку опсервација и бележење на секое трето возило за употребата на сигурносните појаси во возилата на неколку локации на патната мрежа во општината (државен пат и улици во градот Делчево) кои беа насочени кон возачите, совозачите и сопатниците и насочени кон мотоциклистите кои користат односно не користат заштитна кацига. Прибирањето на овие индикатори се вршење на регионалниот пат од прва категорија Р1302 на м.в.Стамерски преод во периодот од 08:45ч. до 09:10ч., на магистралниот пат А3 на м.в.Баткова Чешма во периодот од 09:20ч. до 09:40ч, на ул.„Светозар Марковиќ“ во периодот од 09:45ч. до 10:15ч., на | Флаери РСБСП, ОСБСП Делчево и ресурси на Општина Делчево (возило, хартија) | Јуни, Јули и Август 2024 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ул.„Орце Николов“ во периодот од 16:35ч. до 17:05ч. и на улица „Кеј на Ослободување“ во периодот од 12:30ч. до 13:05 часот.<br>Резултатите се следниве:<br>- Возачи кои користат сигурносен појас: жени – 16% / мажи – 84%;<br>- Возачи кои не користат сигурносен појас: жени -11% / мажи – 89%;<br>- Совозачи кои користат сигурносен појас: жени – 69% / мажи – 31%;<br>- Совозачи кои не користат сигурносен појас: жени – 53% / мажи – 47%;<br>- Сопатници на задни седишта кои користат сигурносен појас: жени – 50% / мажи 50%;<br>- Сопатници на задни сед. кои не користат сигурносен појас: жени – 33%/мажи - 67%;<br>- Мотоциклисти /возачи на мопеди кои користат заштитна кацига – 50%; и<br>- Мотоциклисти /возачи на мопеди кои не користат заштитна кацига – 50%.<br>Процентот на возачите кои користат сигурносен појас изнесува 29%, додека на возачите кои не користат изнесува 71%.<br>Од податоците за совозачите може да | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | се забележи дека процентот на оние кои користеле појас изнесува 29%, а на совозачите кои не користеле изнесува 71%.<br>Од податоците за сопатниците на задните седишта податоците се следните: 14% од нив користеле сигурносен појас, а 86% не користеле.<br>Од сите добиени податоци за возачи, совозачи и сопатници се забележува дека сигурносен појас користат 28%, додека останатите 72% не користат сигурносен појас.<br>Од податоците за мотоциклистите односно возачите на мопеди се забележува дека 50% од возачите користат, а 50% не користат заштитна кацига.<br>Вкупен број на возачи, совозачи и сопатници на моторни возила кои беа опфатени: 235 лица од кои 182 мажи и 53 жени.<br>Вкупен број на мотоциклисти и возачи на мопеди: 18. | | |
| **Кампања „Се движиме безбедно“** | **Сообраќајно едукативни предавања со учениците од основните училишта „Ванчо Прке“ и „Св.Климент Охридски“** | Унапредување на безбедноста на пешаците со акцент на децата како пешаци во сообраќајот | **51%** | **49%** | Сообраќајно едукативните предавања наменети за учениците започнаа со едукативно предавање во ООУ Ванчо Прќе и нагледно предавање на улицата околу училиштето ООУ„Ванчо Прќе“ со учениците од прво одделение. Преку предавањето и предавачите од ОСБСП Делчево и МВР -Сообраќајна полиција и  Инспектор за превенција, учениците | Материјали од РСБСП, ОСБСП Делчево и ресурси на Општина Делчево (превоз) | Октомври – Ноември 2024 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ги научија основните правила и прописи кои се важни за нивната возраст.  На предавањето присуствуваа 55 ученици од прво одделение (26 девојчиња и 29 момчиња). Во текот на наредните денови вакви предавања беа одржани во подрачните училишта на ООУ „ Ванчо Прќе“ на учениците од прво до петто одделение, каде во с.Габрово присуствуваа 3 ученици (2 девојчиња и 1 момче) и во с.Ѕвегор каде присуствуваа 9 ученици (6 девојчиња и 3 момчиња). Предавањата продолжија и во ООУ „Св. Климент Охридски“ каде во централното училиште во Делчево присуствуваа 42 првачиња, а во подрачните училишта на ООУ „Св. Климент Охридски“ присуствуваа учениците од прво до петто одделение, каде во с.Град присуствуваа и учениците од с.Вирче односно на предавањето присуствуваа вкупно 14 ученици, во с.Стамер присуствуваа 6 ученици, во с.Тработивиште присуствуваа 17 ученици и во с.Разловци присуствуваа 14 ученици односно во централното училиште девојчиња – 21 и момчиња - 21 и во подрачните училишта 26 девојчиња и 25 момчиња; | | |
| | **Сообраќајно едукативно предавање и** | | **52%** | **48%** | Во просториите на детската градинка „Весели Цветови“ се одржа сообраќајно едукативно предавање со | РСБСП, ОСБСП Делчево и Општина | Ноември 2024 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **нагледно предавање на улица со предшколската група на деца од ДГ „Весели Цветови“** | | | | нагледно предавање на улица на сите деца од претшколските групи (возарст од 5 и 6 години) со цел запознавање на децата со сообраќајните правила и прописи и нивно безбедно движење во околината на кое присуствуваа 94 деца од кои 49 девојчиња и 45 момчиња; | Делчево (Боенки) | |
| | **Работилница за безбедно учество во сообраќајот за лицата со посебни потреби** | | **38%** | **62%** | Во просториите на Дневниот центар во Делчево беше одржана работилница со корисниците на Дневниот центар и Клубот за социјална инклузија Интегра преку која тие беа запознаени со сообраќајната инфраструктура, правилата и прописите во сообраќајот кои во главно се однесуваат на пешаците, сообраќајната регулација, опасни ситуации, употреба и користење на јавниот број 112 во итни ситуации, итн. Во делот на работилницата за регулирањето на сообраќајот, работеа со шеми за изработка на сообраќајни знаци кои што се однесуваат на пешаците при тоа користејќи ги сообраќајните знаци во нивната пропишана боја. За крај на работилницата сите заедно имаа практична вежба со полициски службеник на улицата „Методи Митевски Брицо“ за безбедно учество во сообраќајот. На оваа работилница присуствуваа 13 лица (5 жени и 8 мажи); | ОСБСП Делчево и Општина Делчево (печатени шеми за сообраќајни знаци) | Декември 2024 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Прибирање на индикатори за движењето на пешаците** | | **60%** | **40%** | Во текот на кампањата спрема расположливото време и ресурси се изврши прибирање на индикатори кои беа насочени кон однесувањето на пешаците во близина на пешачките премини на крстосницата помеѓу улиците „Острец“ и „Маршал Тито“. Резултатите се следниве:<br>- пешаци кои преминале на пешачки премин: 24% (жени - 66,66% / мажи 16,66%);<br>- пешаци кои преминале надвор од пешачки премин: 76% ( жени – 52,63% / мажи 47,36%). | / | Октомври – Декември 2024 |
| | **Контрола од страна на сообраќајната полиција и упатување на сообраќајна поука** | | **5%** | **95%** | По однос на точката VI. Од Планот за кампањата која се однесува за Контрола од страна на сообраќајната полиција на: движењето на пешаците, но и на возачите на моторни возила посебно во делот на брзината на движење по улиците кои ги користат учениците за патувањата до училиштата (маршрутата на детските пешачки токови), паркирањето на сообраќајниците околу училиштата и постапување согласно ЗБСП за неодговорните учесници во сообраќајот за вршење на контроли од страна на сообраќајната полиција за движењето на пешаците, но и со насочени контроли за брзината на движење на возилата и паркирањето по улиците кои ги користат учениците | / | Октомври – Декември 2024 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | за патување кон училиштата (маршрутата на детските пешачки токови), согласно добиените податоци од страна на Сообраќајната полиција за времетраење на капањата односно во месеците од октомври до декември на сообраќајна поука биле упатени 60 лица од кои 3 жени и 57 мажи. | | |